STRONG CITIES



# ОНЛАЈН ЕКСТРЕМИЗАМ ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

## ПОЛИТИКА, ЕТНИКУМИ И РЕЛИГИЈА

## ЗА ИЗВЕШТАЈОТ

Овој извештај дава основа за природата и опсегот на екстремистичките наративи, наративите на поларизација и омраза во онлајн екосистемот на Северна Македонија. Извештајот дава преглед на некои од најистакнатите екстремистички наративи низ политичкиот, етничкиот и верскиот спектар во земјата. Извештајот е наменет за националните и локалните власти, претставниците на граѓанското општество, истражувачите и засегнатите страни од приватниот сектор подобро да ја разберат онлајн средината поврзана екстремизмот, да ги информираат политиките и да инспирираат понатамошни истражувања.

## ЗА АВТОРОТ

Симеон Дукиќ е Виш менаџер на Мрежата на силни градови каде што го води програмирањето за Балканот и Централна Азија. На Балканот, тој се фокусира на пилотирање на моделот „Локална мрежа за превенција", преку насочување на општинските иницијативи релевантни за младите и зајакнување на национално-локалната координација во превенирање и спречување на насилниот екстремизам. Во Централна Азија тој го надгледува проширувањето на мрежата. Симеон претходно беше надворешен соработник во Националниот комитет за спречување на насилен екстремизам и борба против тероризам на Северна Македонија каде го поддржа формирањето на овој ентитет и помогна во изготвувањето и имплементацијата на првата Национална стратегија и Акциски план за СНЕ.

## ПРИЗНАНИЈА/ БЛАГОДАРНОСТ

Би сакале да ја изразиме нашата благодарност до тимот на CASM, вклучувајќи ги Џош Смит, Франческа Арконстанцо и Шон Ринг за нивната поддршка во текот на процесот на собирање и вреднување на податоците. Исто така, би сакале да му се заблагодариме на Бесим Догани за неговиот вреден придонес во процесот на концептуализација на истражувањето; Мустафа Ајад, Келси Бјорнсгард, Емир Хасановиќ и Даниел Хутон за нивните корисни повратни информации и ревизии; и Шарлот Мојенес за нејзината поддршка во текот на изготвувањето и објавувањето на овој извештај.

Треба да се напомене дека ова дело првично беше напишано на англиски, а потоа преведено на македонски и албански јазик. Голема благодарност до нашиот преведувач Нехим Таири, кој успешно ја преведе сложената студија зачувувајќи го оригиналното значење. Конечно, им се заблагодаруваме на Сузана Вајт за нејзините брилијантни уреднички вештини и Ахмад Тарек за прекрасниот дизајн даден на оваа студија.

STRONG CITIES

Copyright © Institute for Strategic Dialogue (2021). The Strong Cities Network is managed by the Institute for Strategic Dialogue (ISD), a company limited by guarantee, registered office address PO Box 75769, London, SW1P 9ER. ISD is registered in England with companyregistration number 06581421 and registered charity number 1141069. All Rights Reserved.

www.strongcitiesnetwork.org
info@strongcitiesnetwork.org
www.twitter.com/Strong_Cities

# СОДРЖИНА


Извршно резиме 01

Клучни наоди 02

Препораки 03

Вовед 04

Методологија 05

- Собирање 05
- Концептуални согледувања 06
- Категоризирање на податоците 07

Наративи 09

- Политичка поларизација 09
- Етничка омраза 15
- Верски мотивиран екстремизам 19

Заклучок 29

Фусноти 30

# ИЗВРШНО РЕЗИМЕ

Развојот и пролиферацијата на мобилната технологија создаде нови места за пристап за екстремистичките групи да ги засилат своите наративи и да добијат на поддршка за своите политички агенди. Северна Македонија не е исклучок од овој тренд. Платформите на социјалните медиуми не само што овозможуваат луѓето полесно да се поврзуваат меѓусебно, туку овозможуваат и гласови полни со омраза да шират екстремистички идеологии. Онлајн говорот на омраза е значајно прашање во Северна Македонија што одразува најразлични поделби со кои се соочуваат заедниците. Политичката поларизација заснована на партиска припадност и идентитет метастазираат со скорешните случувања по Преспанскиот договор и Шарената револуција. Освен тоа, национализмот и етничката омраза и понатаму поттикнуваат недоверба помеѓу различните етнички групи кои го сочинуваат општественото ткиво на државата.[1] Конечно, верски мотивираните екстремистички групи го совладаа користењето на онлајн просторот за ширење на своите екстремистички идеологии и привлекување на симпатизери за нивната кауза.



Владата на Северна Македонија и организациите на граѓанското општество го решаваат прашањето на онлајн омраза и екстремизам, преку цел опсег на иницијативни за социјална кохезија и за превенирање и спречување на насилниот екстремизам (П/СНЕ) повеќе од 20 години. Иако, Националниот комитет за спречување на насилниот екстремизам и борба против тероризмот (НКСНЕБТ) беше воспоставен во 2017 година да ги води политиките и програмите за П/СНЕ, сепак со прашањето на онлајн говор на омраза се занимаваат низа владини институции, невладини организации (НВО) и меѓународни организации во земјата со години. Како дел од овие напори, НКСНЕБТ во своја надлежност презеде активности за зајакнување на капацитетите на чинителите за борба против заканите на онлајн радикализацијата. Иако постојат различни иницијативи за спротивставување на екстремистичките наративи за запирање на регрутирањето на терористи во Северна Македонија, сепак сè уште не постои детално мапирање на содржините и заедниците поврзани со омраза и екстремизам.

За надминување на овој јаз, ***Мрежата на силни градови*** (МСГ) спроведе онлајн мапирање за да ги испита главните екстремистички наративи проширени во Северна Македонија. Користејќи комбиниран метод на автоматизирано собирање и стручно рачно квалитативно онлајн истражување, МСГ ги утврди главните наративи во рамките на политички, етнички и верски инспирираните екстремистички групи и групи на омраза. Врз основа на овие наоди, МСГ направи сеопфатен сет на препораки за националните и локалните власти, граѓанското општество и приватниот технолошки сектор за да придонесе за посеопфатен одговор на овие онлајн закани. Наодите од оваа студија исто така претставуваат основа за меѓуресорска работата која Мрежата ја поддржува во склоп на активностите со акциските тимови во заедниците во Северна Македонија.

# КЛУЧНИ НАОДИ

01 **Истражувачите на МСГ собраа околу 1.290.554 публикации на македонски и на албански јазик; околу 2% (20.670 пораки) беа утврдени како поларизирачки, полни со омраза и екстремистички по природа.** Политички поларизирачките онлајн наративи беа најзастапени во примерокот и сочинуваат околу 18.371 релевантни содржини, 13.562 пораки беа на македонски јазик и 4.809 беа на албански јазик. Скоро половина од податоците на македонски јазик беа идентификувани на Твитер (7.025), потоа следеше Фејсбук (3.263) и веб форумите (2.596), додека пак најголем дел од содржините на албански јазик беа од веб форумите (4.598).

02 **Преспанскиот договор и Шарената револуција од 2016 година беа двете најактуелни теми кои поттикнуваа онлајн поларизација во рамките на македонската заедница.** Податоците покажуваат дека наративите конструирани во најголем дел околу дихотомијата „патриот наспроти предавник" доведуваат до проширување на непремостливи јазови во рамките на главните текови на политичкиот спектар и создаваат простор за појавување на екстремно десничарски движења, кои претставуваат закана за долгорочната државна и регионална стабилност.

03 **Наративите кои пропагираат етничка омраза исто така се проминентни онлајн со скоро 2.300 анализирани релевантни содржини.** Овие податоци се во најголем дел собрани од Твитер и онлајн форумите.

04 **Говорот на омраза помеѓу двете најголеми етнички заедници се зголемува социјалните медиуми и покрај тоа што во земјата нема насилство од конфликтот во 2001 година.** Голем дел од наративите проминентни во заедницата која говори на македонски јазик се однесуваат на перцепираната закана од „Албанизација" на Северна Македонија која се карактеризира со перцепирани двојни стандарди и дискриминација на Македонците. Освен тоа, тие се насочени кон групи и поединци за кои се смета дека работат против интересите на македонскиот народ. Наративите покажуваат дека дихотомијата патриот наспроти предавник се проширува и во сферата на етничка омраза преку леќата на „анти-македонизмот". Разликите помеѓу двете етнички групи се засилени онлајн и треба да се направи повеќе во виртуелниот простор за промовирање на социјалната кохезија.

05 **Селафи-џихадистички материјали во содржините на албански јазик од проминентни имами поврзани со терористички групи се сè уште лесно достапни на Фејсбук и Јутјуб.** Една од главните причини поради кои содржините сè уште не се отстранети е дека имамите започнаа да користат јазик кој не повикува изречно на насилство. Сепак, овие имами и понатаму претставуваат ризик, бидејќи коментираат значајни социјални и политички прашања, што би можело да се разбере како повик за оружје.

06 **Изречно екстремистички и полни со омраза селафи-џихадистички содржини се исто така присутни на албански јазик и се проширени во рамките на разни групи.** На пример, МСГ откри две групи Бејтул Мухаџирин и Нашееди им, кои шират пропаганда поврзана со ИСИС која повикува на џихад. Дел од нивните содржини се насочени кон албанските имами и групи кои оперираат во Северна Македонија.

07 **МСГ го следеше онлајн присуството на националистичката група наречена Христијанско братство, која се закануваше на опоненти, водеше политички кампањи, споделуваше лажни информации за КОВИД-19 и спроведуваше хуманитарни настани.** Оваа националистичка група ја користи религијата и својата политичка агенда за поделба на општеството во „наши" и „ваши" групи и користи слична тактика како екстремистичките салафи-џихадистички имами за спојување на религијата и политиката.

# ПРЕПОРАКИ

01

**НКСНЕБТ и Министерството за внатрешни работи треба да го подобрат разбирањето на екосистемот на онлајн екстремизмот во Северна Македонија.** Освен оваа студија и други истражувања фокусирани на онлајн говор на омраза и екстремизам во земјата, треба да се направи повеќе за постојано следење на еволуирањето на ризиците и заканите. Без соодветна основа на докази и разбирање на природата на екстремистичките содржини, владата на Северна Македонија нема да може да гради силна и ефективна стратегија за одговор. Освен тоа, програмата за стратешка комуникација на граѓанското општество за спротивставување на вакви екстремистички наративи нема да може соодветно да ги поддржи ранливите групи и ефективно да им се спротивстави на идеологиите на омраза. Како резултат на ова, треба да се направат поголеми напори за зајакнување на институционалните капацитети и капацитетите на граѓанското општество за следење на екстремистички содржини во онлајн просторот. Потребно е да се инвестираат ресурси во истражување на примената на алатки за автоматско собирање на податоци и природна јазична обработка за пообемни и подобри податоци.

02

**Владата, групите од граѓанското општество и истражувачите треба да работат со технолошките платформи на социјалните медиуми за утврдување на локализирани одговори врз основа на јазикот и културниот контекст во Северна Македонија.** Ниедна од големите технички компании како што се Фејсбук, Твитер и Гугл (Јутјуб) немаат канцеларии за Западен Балкан кои би овозможиле одржливо партнерство со владата и невладините чинители во регионот. Секторите за информатички криминал и дигитална форензика во рамките на Министерството за внатрешни работи и службите за разузнавање треба да ги зајакнат односите со овие субјекти од приватниот сектор во насока на градење на заеднички делотворни одговори во соработка со експерти и организации од граѓанското општество.

03

**Отстранувањето и цензурирањето на онлајн екстремистичките содржини и групи може да ги попречи злонамерните активности, но нема да го реши проблемот без подобрувањето на алгоритмите на социјалните медиуми. И**ако компаниите на социјалните медиуми преземаа значителни чекори во насока на ублажување на содржините на своите платформи, сепак притисокот врз нив е сè поголем да ги подобрат своите алгоритми за спречување на корисниците да влезат во екстремистички зајачки дупки преку препорачани содржини.

04

**Промовирањето на дигиталното граѓанство преку програми за граѓанско образование како што е оваа, е клучно за борба против екстремистичките наративи и дезинформациите.** Давањето на знаење и вештини за критичко размислување за да можат да ги проценат содржините кои ги читаат онлајн на поединци е најделотворниот пристап за борба против екстремистички пораки. Владата на Северна Македонија може да работи во насока на остварување на оваа цел преку развивање и надградба на наставните програми за да се појави потребата за дигитална отпорност, граѓанско учество и интеркултурна коегзистенција, напредни програми за обука на наставници и вонучилишни активности.

05

**Воведување на сеопфатен владин и општествен пристап за справување со ова прашање.** Освен приватниот сектор, националните власти треба да ги утврдат и да ги зајакнат односите со граѓанското општество, истражувачите, единиците на локалната самоуправа, верските организации и младинските групи во насока на градење на обемни и делотворни контра-наративи. Довербата во јавните институции е голем проблем во Северна Македонија, така што постојаниот глас и пораки од невладиниот сектор се важни за вклучувањето на целните публики.[2]



# ВОВЕД

Војните кои ја распаднаа поранешната Социјалистичка Федеративна Република Југославија и тешкиот период на демократска транзиција кој следуваше потоа ги остави луѓето поделени, со недоверба во нивните влади и исплашени за својата иднина. Како резултат на ова, иредентизмот и понатаму придонесува за меѓуетничките тензии, верските мотивираните екстремистички групи продираат во поранешните атеистички комунистички општества,[3] а политичките елити застапуваат „заробување на државата“ [4] за да се збогатат себеси на сметка на своите граѓани. Ова придонесе кон екстремизам, омраза и поларизација на регионално, национално и локално ниво.

Северна Македонија е особено сложен случај за истражување на идеологиите на омраза и поларизација. Од осамостојувањето во 1991 година, оваа земја имаше сложена историја карактеризирана со ограничено демократско управување, меѓуетнички вооружени тензии и билатерални прашања со своите соседи, а сето тоа придонесе за поттикнување на поделби и омраза како внатре така и надвор. Голем дел од овие манифестации на екстремизам и омраза ќе бидат подетално разгледани подоцна во известувањето за политиките.

Пролиферацијата на мобилните технологии и интернетот ги збришаа политичките граници и создадоа нови точки на пристап каде сентименти на омраза и екстремистичките идеологии можат слободно да се шират и поттикнуваат.[5] Единствената пречка за пристап е јазикот, бидејќи граѓаните на Северна Македонија се поделени во две јазични семејства, македонски јазик (со јужнословенските јазици) и албански  јазик, додека онлајн содржините кои се насочени кон публиката на Западен Балкан, во регионот и во дијаспората лесно се консумира и споделува. Малигните групи го искористуваат ваквиот претходно невиден пристап до публиката, бидејќи во Северна Македонија има 80% продор на интернетот.[6] Тие ги експлоатираат незадоволствата со конструирање на екстремни наративи за поларизација на општеството во рамките на одредени демографски карактеристики и/или политички прашања.[7]

Во овој извештај прелиминарно ќе бидат мапирани клучните прашања во Северна Македонија поврзани со онлајн екстремизмот, омразата и поларизацијата. Нема да се прави обид за согледување на секој сегмент на онлајн омраза, бидејќи прашањата се премногу бројни, но сепак ќе бидат претставени дел од централните екстремистички наративи и ќе биде дадено гледиште од птичја перспектива на поларизирачките содржини.

# МЕТОДОЛОГИЈА

## Собирање

Истражувањето за овој извештај претставува комбинација од природна јазична обработка и рачни истражувања на отворени извори за собирање на податоци во периодот од 1 јануари 2019 година до 15 јули 2021 година. Истражувањето беше спроведено на македонски и на албански јазик со користење на кирилското и латинското писмо за да се обезбеди вклучување на податоци од сите делови на општеството. Собраните податоци имаа за цел да ги одговорат следниве истражувачки прашања:

**01** Кои се клучните екстремистички наративи во Северна Македонија во македонските и албанските јазични групи?

- Како може да се категоризираат екстремистичките наративи?

**02** Кои од екстремистичките наративи добиле најголем ангажман?

**03** Кои платформи се најпроминентни за екстремистички пораки и пораки на омраза?

Позначајните чекори на ова истражување вклучуваат идентификување на релевантните извори каде поединци поставуваат содржини со омраза и клучни поими за онлајн екстремизам со цел собирање на релевантни податоци. Истражувачите користеа прекумерно инклузивна листа на извори за зајакнување на квалитетот на наодите:



**Платформи на социјални медиуми**

- Твитер[8]
- Фејсбук[9]
- Јутјуб[10]



**Форуми**[11]




**Портали со вести**[12]

По собирањето на податоците, истражувачите користеа **251 клучни поими** – 114 на албански јазик и 137 на македонски јазик (кирилско и латинско писмо) – за филтрирање на најрелевантните податоци. Клучните поими беа составени интерно врз основа на искуството на вработените, канцелариско истражување и „детектор на фактор изненадување" и потоа беа класифицирани и структурирани во три поткатегории на содржини со омраза: политичка/идеолошка, етно-национална и верска.

Автоматизираното собирање и проценка на податоците беше спроведено со алатката за природна јазична обработка „Method52", дизајнирана од страна на Центарот за анализа на социјални медиуми. Детален опис на начинот на кој податоците се обработени и категоризирани е даден во делот „Категоризирање на податоците" подолу. Рачното истражување придонесе за ставање на податоците во контекст и утврдување на слепите точки каде што алатката „Method52" не би можела лесно да пристапи до апликативниот програмски интерфејс (АПИ). Рачното истражување беше спроведено на истите платформи и ги вклучи и каналите на Телеграм.

# Концептуални согледувања

Во ова известување на политики се користи следнава дефиниција за екстремизам:

> Екстремизмот е застапување на систем на верувања кој повикува на супериорност и доминација на една идентитетска „вклучена група" над сите други „исклучени групи" и пропагира дехуманизација на начинот на размислување на „поинаквост" кој што претставува антитеза на плурализмот и универзалната примена на човековите права. Поединците и групите полни со омраза спроведуваат и застапуваат системски политички и општествени промени кои го отсликуваат нивното гледање на светот. Тие тоа можат да го направат преку ненасилни и суптилни начини, како и на насилни и експлицитни.

Секоја „група" е единствена, бидејќи им дава на членовите сет на карактеристики, како што се етничка припадност, верски убедувања, расна припадност и политичка припадност, кои што го дефинираат нејзиниот идентитет. Подеднакво важно, „вклучената група" зависи од утврдувањето на „исклучена група", која ја смета за закана по својот идентитет, политички цели и општата добросостојба. Заканата (перцепирана) најчесто оди заедно со чувство на жртва за зајакнување на колективниот идентитет и да се поттикнат оправдувањата за вообразени гледишта и активности на омраза. Ширувањето на расистички и ксенофобни содржини е казниво во согласност со кривичниот законик на Северна Македонија, а неговите одредби за говор на омраза се во согласност со дефиницијата употребена за потребите на овој извештај.[13]

# Категоризирање на податоците

Со помош на софтверот за собирање на податоци, МСГ собра 3.235.938 содржини од сите таргетирани платформи, од кои 1.290.554 беа собрани со користење на вклучените релевантни клучни зборови. Најголем дел од овие податоци беа собрани со веб форуми (1.573.000) и Твитер (1.486.139). Скоро сите содржини кои ги вклучуваа релевантните клучни зборови беа собрани од Твитер, со 1.092.339 податока, најмногу поради тоа што Твитер нуди поголем пристап до неговиот АПИ отколку другите платформи.

Иако 40% од содржините ги содржеа релевантните клучни зборови, само 2% (20.670 парчиња) се однесуваа на поларизација, омраза и екстремизам во Северна Македонија. Податоците беа филтрирани и класифицирани со помош на функцијата за класификација на алатката „Method52“ каде што означувањето на содржините како релевантни, односно нерелевантни беше засновано на дефиницијата на МСГ. Овој извештај се фокусира на овие содржини, како и дополнителниот материјал собран преку рачни истражувања.

Податоците беа класифицирани во помош на алатката „Method52“ во четири поткатегории:

01 **Албански јазик, политички;**

02 **Македонски јазик, латинско писмо, политички (латиница, политички);**

03 **Македонски јазик, кирилско писмо, политички (македонски, кирилица, политички);**

04 **Македонски јазик, кирилско писмо, етнички (македонски, кирилица, етнички).**

МСГ се соочи со одредени ограничувања при користењето на автоматското собирање на податоци за потребите на ова истражување. Алатката „Method52“ не можеше да ги класифицира релевантните содржини поврзани со верски екстремизам поради технички ограничувања, но тоа не значи дека верски инспирираниот екстремизам не е присутен онлајн. За да компензира за овие слепи точки, МСГ рачно собра дополнителни податоци. Делот „верски мотивиран екстремизам“, кон крајот на овој извештај, содржи каталог на рачно собрани и анализирани податоци кои нудат мал увид во онлајн присуството на верски инспирираните екстремистички групи кои влијаат во Северна Македонија.

Јазикот имаше забележително влијание врз автоматизираното собирање на податоци. Сличностите помеѓу јужнословенските јазици во регионот го отежнаа собирањето и филтрирањето на содржини на македонски јазик напишани латиница. На сличен начин, албанскиот јазик го зборува голем дел од населението во Албанија и во Косово, поради што беше тешко да се изолираат содржини кои се однесуваат конкретно на Северна Македонија. Како резултат на тоа, МСГ на крајот не можеше да ги обработи етничките содржини на омраза во македонски јазик напишани латиница или на албански јазик со помош на алатката „Method52“ и овие поткатегории не се вклучени во автоматската класификација наведена погоре.

Јазикот исто така даде дополнителна тежина на содржини на македонско кирилско писмо. На графиконот 1 подолу е прикажана бројката на содржини собрани за секоја од четирите поткатегории. Врвот по 1 март 2020 година го одразува вклучувањето на податоци од Твитер, кое започна кон крајот на март 2020 година. На графиконот 2 се претставени податоците распределени по платформи. Како што е прикажано на овие графикони, содржините на македонско кирилско писмо најмногу преовладуваат, но тоа најмногу се должи на тоа што овие содржини се најлесни за собирање, филтрирање и класифицирање, бидејќи писмото е специфично за земјата.



**График 01** Обем на податоци со тек на време (ВОТ) од 1 јануари 2019 година – 24 јуни 2020 година од сите четири класи поткатегоризирани од страна на МСГ




**График 02** Обем на податоци со тек на време (ВОТ) од 1 јануари 2019 до 24 јуни 2020 година од сите извори на социјални медиуми.



# НАРАТИВИ
## Политичка поларизација

### Основни податоци

Говорот на омраза и политичката поларизација секогаш биле алармантно прашање во Северна Македонија. Една од главните причини за ова е дека политичките елити одгледувале систем на јавна администрација заснован на клиентелизам преку кој вработуваат партиски поддржувачи за да добијат гласови во текот на изборите.[14] Ваквиот систем политизира проминентни елементи на секојдневниот живот и ја нагласува важноста на политичката припадност за многумина, бидејќи егзистенцијата на истите лица зависи од нивната партија. Политичкиот антагонизам исто така доаѓа од самите партии, бидејќи секоја партија промовира кампањи за демонизација на политичките противници преку црни кампањи кои доведуваат до поделби.[15] Политичката поларизација и непријателство е толку распространета што ново избраниот претседател Стево Пендаровски дискутираше за потребата за процеси за граѓанско помирување.[16]

Внатрешните политички тензии дополнително се влошени поради надворешните политички спорови со Грција и со Бугарија за клучните компоненти на македонскиот идентитет – името, знамето, јазикот и историјата. Овие спорови внесоа недоверба во главните текови и ја поттикнаа поларизирачката дихотомија на „патриоти наспроти предавници". Ваквата поделба се проширува и на други политички и социјални прашања ширум земјата, вклучувајќи ја и политичката припадност и нејзиниот непотистички систем,[17] бегалците,[18] заедницата ЛГБТ[19] и ЕУ (скептицизам)[20] и навлегува во дебати кои дефинираат што значи да се биде „Македонец" и како треба да изгледа македонската држава.

Платформите на социјалните медиуми стануваат форум каде што политичките елити и обичните граѓани сè почесто придонесуваат кон овие политички поларизирачки прашања. Онлајн разговорите се толку вжештени што лидерот на опозициската партија Левица беше повикан од страна на јавното обвинителство на Северна Македонија за обвиненија за ширење на говор на омраза на Фејсбук и на Твитер.[21] Иако дел од овие содржини може лесно да се класифицираат како говор на омраза, сепак голем број на проблематични коментари не се изречно полни со омраза и не го исполнуваат прагот за прекршување на насоките на заедницата на платформата за да бидат отстранети. Без оглед на етикетата, ваквите поделби покажуваат сериозна поларизација и антагонизам во Северна Македонија и имаат потенцијал да кулминираат во насилни настани како што беше влегувањето во македонското собрание во 2017 година.

## Општи наоди

МСГ идентификуваше 18.371 релевантни содржини на омраза во рамките на категоријата политичка поларизација, од кои 13.562 беа на македонски јазик и 4.809 беа на албански јазик. Скоро половината од податоците на македонски јазик беа идентификувани на Твитер (7.025) по што следеше Фејсбук (3.263) и веб форумите (2.596), додека пак најголем дел од содржините на албански јазик беа од веб форуми (4.598).

За да се разберат најпроминентните поларизирачки видови на наративи полни со омраза, МСГ ги разгледа најчесто користените зборови и хаштагови, и коментарите со најмногу допаѓања и кои најчесто се споделуваат. Во табела 1 се прикажани резултатите за македонски јазик со двете писма.

| Број | Клучен збор | Број (продолжува) | Клучен збор | Број (продолжува) | Клучен збор |
|---|---|---|---|---|---|
| 4744 | Македонија | 665 | ДУИ | 564 | Македонци |
| 2199 | ВМРО | 765 + 197 | СДС (+СДСМ) | 541 | Грујо |
| 1236 | Шарените | 732 | Народот | 509 | Сорос |
| 1161 | Предавници | 654 | Името | 456 | Никогаш северна |
| 874 | Северџани | 647 | ВМРО-ДПМНЕ | 388 | Албанците |
| 807 | Пари | 624 | Македонците | | |
| 758 + 74 | Зоран (+Зајко) | 573 | Зоран Заев | | |
| 679 | Избори | 571 | Државата | | |

**Табела 01** Листа на најчесто користени клучни зборови во класификацијата политички коментари на македонски јазик на кирилица и на латиница[22]

Податоците од табела 1 се дадени како облак од зборови на слика 1, заедно со поретко користените поими.




**Слика 01** Облак од зборови за најчесто користените клучни зборови во класификацијата политички коментари на македонски јазик на кирилица и на латиницаpolitik

Најголем дел од овие зборови не содржат омраза. На пример, двата поими кои најчесто се користат се името на земјата и ВМРО што се однесува на тајна герилска внатрешна македонска револуционерна организација која работела во 19-ти и 20-ти век. Организацијата има мешано наследство и на неа се повикуваат и Северна Македонија и Бугарија. Сега, поимот ВМРО се користи за да се означи централно-десната партија Внатрешна Македонска революционерна организација – Демократска партија за македонско национално единство (ВМРО-ДПМНЕ) во Северна Македонија. Сепак, мислењата изразени во однос на наведените зборови во табелата покажуваат слика на поделено општество.

## Никогаш северна, само Македонија

Северна Македонија е третото име поврзано со малата земја во средината на Балканот. Иако се осамостои под името Република Македонија, земјата беше примена во најголем дел од мултилатералните организации како Поранешна Југословенска Република Македонија (ПЈРМ), референца договорена помеѓу Македонија и Грција околу името на државата до постигнување на конечна спогодба.[23] Грција тврди дека поимот „Македонија“ е неразделив дел од нејзиното Еленско историско и културно наследство. Како такво неговото користење од страна на друга земја претставува закана на грчкиот идентитет и основа за територијални аспирации кон релативно големата географска област на северот од земјата.[24] Македонија се спротивставува аргументите на Грција за територијални претензии и го подвлекува принципот на самоопределување и само идентификација како исклучително значаен за нејзиниот идентитет и името на земјата.[25] По 27 години безизлезна позиција, владите на двете земји постигнаа договор според кој земјата беше преименувана како Република Северна Македонија, а нејзините луѓе и понатаму се нарекуваат Македонци и јазикот е македонски.[26] И покрај меѓународните пофалби за ваквата спогодба, сепак многу луѓе беа незадоволни од исходот. Ова беше очигледно и офлајн, со протести во поголемите градови во земјата, како и онлајн.

Анализата на МСГ откри содржини кои укажуваат на поларизација и омраза помеѓу поддржувачите и противниците за промената на името. Поимот „Северџани“ беше откриен 874 пати, што е значително во споредба со другите поими и имајќи го предвид неговото појавување и употребување. Освен тоа, ‘#северџани/#severdzani’ беше најчесто користениот хаштаг на Твитер со 514 појавувања во текот на ова истражување, како што е прикажано на облакот од зборови на слика 2.




**Слика 02** Облак од зборови со најчесто користените хаштагови во класификацијата политички коментари на македонски јазик на кирилица и на латиница

Противниците на Преспанскиот договор, меѓународната конвенција која што ја формализираше промената на името, ги нарекуваат поддржувачите на новото име „Северџани“. Едно објаснување за сè поголемата популарност на овој поим е дека тој симболизира раѓање на безвредна и назадна држава без идентитет. Твитовите прикажани на слика 3 и 4 претставуваат добра индикација за чувството кон Северџаните.




**Слика 03** Пример од публикација на Твитер.




**Слика 04** Пример од публикација на Твитер

Иако чувството на омраза кон „Северџаните“ е очигледно во овие два примери, интересно е дека Република Северна Македонија се третира како посебен и вештачки субјект без никаква поврзаност со „вистинската“ Македонија. Сепак, и покрај овие коментари на омраза, и јасните индикации дека Северџани е поларизирачки поим, постојат мешани мислења за тоа дали самиот збор може да се смета за говор на омраза. Иако некои сметаат дека Северџани е јасен пример за поим кој се користи за дехуманизирање на одредена група, други пак го гледаат како помалку важен поим кој ги одразува општествените реакции околу промената на името.[27] Без оглед, јасно е од примерите дадени погоре дека поимот и поделбата што ја создава помеѓу „патриоти“ и „предавници“ разгорува непремостлив јаз во рамките на македонската заедница. Ова најверојатно ќе ги усложни напорите за нормализирање на „Северна Македонија“ како уставно име на земјата и ќе биде пречка во стабилноста на долг рок.

Промената на името исто така поттикна и други движења кои го критикуваат процесот како прикривачки на „вистинскиот“ македонски идентитет. На пример, кампањата „Бојкотирам“ имаше за цел да одбие референдумот за името во 2018 година. Иако референдумот помина пред скоро две години, хаштагот ‘#бојкотирам“ се појави 116 пати на Твитер за време на периодот на собирање на податоци. Ова покажува дека постојаното користење на терминологијата на кампањата стана општ израз на отпорот против Преспанскиот договор и повик за бојкотирање на владините обиди да спроведе попис во 2021 година, со тоа што демонстрантите тврдат дека е наместен. Она што започна како децентрализирана кампања се претвори во Движење Бојкотирам со своја веб страница, блог и канали на Јутјуб, Твитер, Фејсбук и Телеграм, кои членовите ги користат да ја шират својата крајно десничарска агенда (слики 5 и 6). Важно е да се забележи дека оваа група не е составена од оригиналното водство на кампањата Бојкотирам и има многу помала база за поддршка.




**Слика 05** Приказ на каналот на Телеграм на движењето Бојкотирам




**Слика 06** Приказ на Јутјуб каналот на движењето Бојкотирам со повеќе од 247k видео прегледи и 1,38k претплатници.

#НикогашСевернаСамоМакедонија се појавува често во описот на каналот на движењето Бојкотирам на Телеграм и го сигнализира своето противење на промената на името. Овој хаштаг беше распространет на Твитер во текот на истражувањето и е вклучен во облакот од зборови за хаштагови прикажан на слика 2. Противниците на Преспанскиот договор ја користат оваа фраза и офлајн, извикувајќи ја за време на спортски настани и протести.

## Шарена револуција

Друг проминентен поим откриен при собирањето на податоците беше „Шарените“. Овој збор датира уште од протестите во Северна Македонија од 2016 година, исто така познати како Шарена револуција, кои ја симнаа владата предводена од ВМРО-ДПМНЕ. Демонстрантите, познати како „Шарените“ излегоа на улици по сега озлогласениот скандал со прислушкувањето каде што беше откриено дека државата незаконски прислушкувала повеќе од 20.000 телефонски броеви.[28] Многу македонски националисти веруваат дека Шарените се или платеници и/или опортунисти кои работат во име на странски интереси.




**Слика 07** Пример од публикација на Твитер.

Протестите се одржаа пред пет години, истражувачите најдоа 1.236 спомнувања на „Шарените“. Иако „Шарените“ и „Северџани“ потекнуваат од различни контексти и се однесуваат на различни групи, тие најчесто се класифицираат заеднички како предавници. „Шарените“ беа одговорни за падот на претходната власт и сега се обвинувани за реалните и перципираните назадувања, вклучувајќи ја тука и промената на името, корупцијата и претстојната перципирана федерализација. Твитовите прикажани подолу на сликите 7 до 9 покажуваат како „Шарените“ се таргетирани за тоа што имаат двојни стандардни во нивните одговори на перципираните скандали на сегашната и на претходната власт. Коментарите се чини дека се диригирани со цел да се делегитимираат „Шарените“ и исходот од Шарената револуција. Еден од коментарите дури и повлекува паралели помеѓу „Шарените“ и „Северџани“ како слични предавнички групи.




**Слика 08** Пример од публикација на Твитер.




**Слика 09** Пример од публикација на Твитер.

Лицето кое го поставило твитот прикажан на слика 7 обвинува дека „Шарените“ биле замолчени со исплати да не одговараат на перцепираните неправди. За време на протестите во 2016 година, тие беа вмешани во поширок заговор против државата финансиран од страна на филантропот Џорџ Сорос.[29] Оваа поврзаност е едно објаснување зошто „Сорос“ е идентификуван 509 пати како релевантен клучен збор. Поединците кои се дел од планот на Сорос се нарекувани Соросоиди и се исто така дел од поширокиот клуб на предавници. Наследството на заговорот на Сорос живее и понатаму преку терминологијата која многу поединци ја користат за етикетирање на перцепираните предавници на македонската заедница.

## Албанскиот политички дискурс

МСГ не најде политички поларизирачки содржини на албански јазик освен разликите помеѓу спротивставените политички фракции. Ова најверојатно во голема мера се должи на ограничувањата при собирањето на податоци со кои се соочи МСГ при собирање на содржини на албански јазик. Истражувачите не можеа да ги филтрираат политичките  содржини од Албанија и од Косово кои не се директно релевантни за Северна Македонија. Како резултат МСГ не можеше да собере податоци од надворешни веб форуми. На слика 10 е прикажат облак со зборови на најчестите клучни зборови во политичката класификација на албански јазик.




**Слика 10** Облак од зборови на најчесто користените поими во политичката класификација на албански јазикshqiptar

# Етничка омраза

## Основни податоци

Етничките тензии се појавуваат од осамостојувањето на Северна Македонија. Ова е нај видливо помеѓу двете најголеми етнички заедници во земјата – Македонците и Албанците. Во деведесеттите години, тензиите еруптираа во насилни судири помеѓу македонската полиција и албанските демонстранти, особено при престрелките на Битпазар во Скопје во 1992 година и немирите во Гостивар и Тетово во 1997 година.[30] Овие настани кулминираа со конфликтот во 2001 година помеѓу државните безбедносни сили и албанската национална ослободителна армија (ОНА), кој што се разреши со Охридскиот рамковен договор.[31] Иако насилни немири немало повторно помеѓу двете групи во изминатите 15 години освен изолирани инциденти, сепак тензиите и омразата сѐ уште се присутни. Една причина е за отсуството на насилство е дека припадниците на двата етникума во најголема мера функционираат во рамките на своите заедници и коегзистираат паралелно со ограничени интеракции и покрај програмите за промовирање на социјална кохезија. Сепак, анимозитетот и антагонизмот помеѓу двете групи сѐ уште е распространет онлајн.[32]

Важно е да се забележи дека етнички базираниот говор на омраза во земјата не е исклучиво помеѓу Македонците и Албанците, туку ги зафаќа сите заедници кои го сочинуваат мултикултурното општество на Северна Македонија вклучувајќи ги Ромите, Турците, Србите, Бошњаците и другите. Освен тоа постои и говор на омраза упатен кон соседните националности. Во изминатиот период, се забележува зголемување на антибугарски содржини онлајн поради тековните билатерални прашања помеѓу Северна Македонија и Бугарија. На пример, бугарските медиуми идентификуваат јавна група на Фејсбук наречена „Да плукаме по Бугарите и бугарските симпатизери“ каде членовите поставуваат коментари со омраза и застапуваат употреба на физичко насилство против бугарските туристи и бугарофилите.[33]

## Општи наоди

МСГ идентификуваше 2.299 релевантни содржини поврзани со етничка омраза. Сите податоци кои МСГ ги класифицираше беа на македонски јазик и на кирилица. МСГ собра податоци на албански јазик и на македонски јазик на латиница, но сепак не беше можно да се класифицираат обемно, најмногу пораки ограничувањата при автоматското собирање на податоци кое беше спомнато погоре. На пример, МСГ идентификуваше коментари на албански јазик упатени кон Србите кои беа собрани поради тоа што погрдните поими кои ги користеле се исти како и поимите кои се упатени кон Македонците. Единственоста на македонското кирилско писмо овозможи филтрирање на етнички поларизирачки содржини кои не се релевантни за Северна Македонија. Ова не значи дека етнички базираната омраза онлајн не е присутна во Северна Македонија во овие писма, туку значи дека МСГ одлучи да не ги презентира податоците на албански јазик и на македонски јазик на латиница пораки ниското ниво на прецизност на класификациите.

Најрелевантните коментари на етничка омраза беа собрани од Твитер (1.066) и веб форумите (932). Фејсбук има поголема стапка на продор во Северна Македонија отколку Твитер, но ограничувањата на пристап на неговиот АПИ претставуваше тешкотии за истражувачите да пристапат до податоците. На табела 2 и на слика 11 се покажани најпроминентните клучни зборови од релевантните коментари каде е претставена етнички мотивирана омраза.

| Број | Клучен збор | Број продолжува | Клучен збор |
|---|---|---|---|
| 685 | Македонија | 94 | Косово |
| 539 | УЧК | 93 | Пари |
| 430 | Шиптар | 91 | Циган |
| 260 | Македонец | 90 | Држава |
| 199 | Македонци | 79 | Македонски бранители |
| 134 | Цигани | 50 | Голема Албанија |
| 111 | Народи | 34 | Во 2001 |
| 108 | Албанците | 34 | Враќаме државата |
| 97 | Балистите | 28 | За премиер |

**Табела 02** Најчесто користените клучни зборови на македонски јазик на кирилица и етничка класификација




**Слика 11** Облак со зборови на најчесто користените клучни зборови од политичката класификација на македонски јазик на кирилица

Петте најчести зборови во листата вклучуваат три референци за Македонија и нејзините граѓани, како и погрден назив за Албанците („Шиптар“) и албанската скратеница на Националната ослободителна армија (УЧК). Листата исто така содржи и друг погрден назив за Албанците (Балистите) и референци за голема Албанија, важна перцепирана закана кај дел од припадниците на македонската етничка група. Освен клучните зборови на омраза насочени кон Албанците, листата го содржи и зборот Циган (или Цигани) кој најчесто се користи за подбив со ромската заедница. Интересно, погрдните зборови насочени кон другите етнички групи како што се Бугарите, Србите, Бошњаците и Турците не се најдоа на листата, иако имаше забележани случаи на говор на омраза и против овие групи.

Важно е да се забележи дека податоците прикажани тука се добиени од мал примерок на содржини на омраза собрани и класифицирани преку автоматизација и не го претставуваат поширокиот онлајн екосистем на етничка омраза.

## „Антимакедонизам“

Истражувањето на МСГ утврди дека најголем дел од етнички базираната омраза произлегува од перципираната закана за македонската држава и народ. Заканата се смета дека се манифестира на различни начини.  На пример, двојни стандарди за етничките Македонци и другите групи во земјата, привилегии за оние кои не се Македонци – особено групи кои се свртеле против државата и сè поголемо присуство на перципирани немакедонски елементи во главните текови на општеството. Екстремните сегменти во рамките на етнички македонската заедница ги перципираат Албанците како главната закана за државата. Постојат многу наративи прифатени од страна на овие сегменти чија цел е поттикнување на понатамошен антагонизам кон Албанците. Двата најпроминенти се создавањето на таканаречената Голема Албанија, што се гледа како директна закана за територијалниот интегритет на Северна Македонија и спроведувањето на Тиранската платформа, што се смета за средство за федерализација и „Албанизација“ на Северна Македонија. Поимот „Голема Албанија“ се појави 50 пати во релевантниот примерок, додека пак поимот „Враќаме земјата“ и хаштагот „#федерализација“ се појавија 34 и 25 пати соодветно.[34]

Има и две други поделби кои создаваат раскол и недоверба помеѓу двете етнички групи. Македонскиот и албанскиот јазик се потполно различни и додека најголемиот дел од Албанците можат да разберат и да говорат македонски јазик, најголемиот дел од Македонците не го разбираат албанскиот јазик. Усвојувањето на албанскиот јазик како втор службен јазик на целат територија на Северна Македонија се гледаше како уште еден чекор кон „албанизацијата“ на земјата и беше дочекано со протести.[35] Освен тоа, постојат и верски разлики помеѓу Македонците и Албанците. Најголем дел од Македонците се православни христијани додека најголем дел од Албанците се муслимани.[36] Албанскиот муслимански идентитет се смета уште како прашање кое се заканува на македонските христијански вредности. Дел од најчесто споделените твитови со најмногу допаѓања прикажани на сликите 12 до  14 го покажуваат овој антагонизам во пракса.




**Слика 12** Пример од публикација на Твитер.




**Слика 13** Пример од публикација на Твитер.




**Слика 14** Пример од публикација на Твитер.

Меѓутоа, значителен дел од податоците анализирани од страна на МСГ беа насочени кон „предавници“ од македонското политичко раководство за кои се смета дека ги унапредуваат албанските интереси, за кои се подразбира дека се антимакедонски. На пример, МСГ откри група на навредливи твитови насочени кон Министерката за одбрана. Содржината на омраза беше реакција на сликата што таа ја направи со градоначалникот на Кичево, град во западна Македонија, каде логото на УЧК беше прикажано во позадината на кабинетот на градоначалникот.




**Слика 15** Пример од публикација на Твитер.




**Слика 16** Пример од публикација на Твитер.




**Слика 17** Пример од публикација на Твитер. Во публикацијата „Parade Rest“ е објаснет како „команда од позиција на внимание. Командата за ова движење е Парада, ОДМОР. На командата за извршување на ОДМОР, се движи левата нога на десет инчи на лево од десната нога.

Граѓанскиот конфликт во 2001 година разурна и трауматизира голем дел од населението, како македонско така и албанско и беше проследен со долготраен преоден процес на правда и помирување, кој сè уште трае. Додека за дел од Албанците УЧК е симбол на отпор и на слобода, за дел од Македонците сè уште се смета за терористичка паравоена група која се побуни против државата. Оттука реакциите на сликата не изненадуваат имајќи го предвид присуството на контроверзните симболи на УЧК во кабинетот на градоначалникот на Кичево и недоволното помирување околу вооружените борби од 2001 година (видете слики 15 до 17). Онлајн облакот за овие настани покажуваат две важни работи: дихотомијата патриот наспроти предавник навлегува во сферата на етничката омраза преку леќата на „антимакединизмот“ и расцепот помеѓу двете етнички групи е засилен онлајн, повеќе треба да се направи во виртуелниот простор за унапредување на социјалната кохезија.

# Верски мотивиран екстремизам

## Основни податоци

Северна Македонија е мултиденоминациска држава и се соочила со многу случаи на верска омраза и екстремизам во изминатите години. Религијата имала значителна улога во историјата на регионот, помагајќи го оформувањето на општественото ткиво во различните заедници. Дури и кога земјата беше дел од Југославија,[37] религијата одигра значајна улога во зајакнувањето на македонскиот идентитет преку создавањето на Македонската православна црква во 1967 година, чија автокефалност се оспорува до денес.[38]

По распадот на Југославија, регионот забележа обнова на религиозноста и духовноста. Овој феномен се манифестираше на различни начини и немањето на стратешки одговор од владата ги отвори вратите на злонамерни религиозни групи во регионот. Северна Македонија не беше исклучок од овој тренд, што се карактеризираше со појавата на селафистичко-џихадистички мрежи од една страна и синергијата на христијанските етнонационалисти од друга страна.

## Осврт на селафи џихадистичката заедница

Муслиманите на територијата на Северна Македонија историски припаѓале на традиционалната Ханафиска школа уште од османлиското владеење кога исламот е донесен во регионот. Сепак, варијации на Селафизам и Вахабизам почнаа да се шират во земјата по нејзиното осамостојување, со поддршка на незаконски приливи на средства од Судиска Арабија и државите во Персискиот залив.[39] На тој начин исто така значително се зголеми и влијанието на милитантните селафи џихадистички групи. На пример, муџахединската единица под име Имран Елези беше активно вклучена во конфликтот во 2001 година, екстремистичка група активно ги вознемируваше Шиитските и Бектешките заедници и радикални свештеници започнаа да ја преземаат контрола над џамиите од исламската верска заедница предводена од Реис Ул Улема во Северна Македонија.[40] Подеднакво важно, селафи џихадистичките имами исто така активно регрутираа членови за да се приклучат кон познати терористички групи вклучувајќи ја и Ал Каеда и нејзините соработници, и исламската држава. Се проценува дека повеќе од 150 граѓани од Северна Македонија, најмногу мажи, заминаа да се приклучат во редовите на Исламската држава на Ирак и Сирија (ИСИС) и Хајат Тахрир ал-Шам (ХТС) и нивните соработници во Сирија и Ирак.[41] Абдул Јашари, етнички Албанец роден во Скопје стана познат во воената хиерархија на Џабхат ал-Нусра (сега ХТС), што доведе до тоа, Министерството за финансии на САД да го стави на својата листа на санкции заради тероризам.[42] Се шпекулира дека во моментов води одред на албански снајпери наречен Џемати Албан, кој што оперира во Идлиб, Сирија под капата на ХТС.[43]

МСГ имаше помал успех при собирањето и анализирањето на податоците поврзани со салафи – џихадистички содржини со помош на алатките за природна јазична обработка во споредба со собирањето на податоци за другите две теми наведени погоре. Најголем дел од собраните податоци вклучуваа ненасилни теолошки дискусии и известувања за конфликтот во Сирија и во Ирак. Постојат неколку можни причини за ваквиот исход: обезбедување на неспецифични клучни зборови и извори, екстремистичките пропагатори и групи од Северна Македонија се отстранети од онлајн медиумските платформи, екстремистичките пропагатори и групи ги пренеле своите комуникации во затворени шифрирани групи како резултат на темелните мерки за следење од страна на властите или екстремистичките пропагатори ги рафинирале своите пораки така што тие не претставуваат говор на омраза и на тој начин избегнуваат онлајн следење.

МСГ спроведе рачни истражувања на отворени извори за верски инспирирани екстремистички содржини, бидејќи автоматските веб попишувачи не можеа да обезбедат значителна количина на корисни релевантни податоци.

## Екстремистички имами

Ова истражување утврди дека постојат траги на екстремистички содржини јавно достапни онлајн, но најголем дел од групите во моментов се неактивни. И покрај нивната неактивност, податоците поврзани со познати екстремистички проповедници се достапни само со едноставно пребарување на Гугл за сите заинтересирани за вакви содржини.  МСГ откри заспана сметка на Фејсбук и Јутјуб поврзана со екстремистичкиот имам Реџеп Мемиши. Тој доби седум години затворска казна како дел од полицискиот предмет „Ќелија 1“ во 2016 година за регрутирање на поединци за да учествуваат во странски воени и/или (пара)воени единици.[44] Страницата на Фејсбук „Minberi i Teuhidit“ (во превод „Ученикот на Тавхид“ од албански) поврзана со радикалниот имам има 50.147 „лајкови” и 49.622 следбеници (Слика 18). Јавната страница не е активна од 7 февруари 2019 година кога беше поставено видео од Мемиши како држи предавање за важноста на сакањето на Алах за да се оствари повисоко значење. Еквивалентната страница на Јутјуб со наслов „Minberimedia“ е активна од јуни 2012 година и има собрано скоро 13 милиони прегледи од 382 видеа, најмногу на албански јазик (слика 19). Слично како и кај страницата на Фејсбук, каналот нема нови содржини од јануари 2018 година. Важно е да се забележи дека овие сметки беа активни на почетокот на затворската казна на Мемиши, која започна во 2017 година.

Во 2016 година, Аналитика, центар за анализа од Скопје, идентификуваше неколку проблематични видеа каде што Мемиши повикува на маченииштво (жртва) при бранењето на границите на државата на исламот (не се однесува на калифатот) и ги поттикнува верниците да одат во Сирија.[45] За време на ова истражување, МСГ идентификуваше две дополнителни видеа на оваа платформа каде што Мемиши ги означува муслиманите во Северна Македонија кои следат традиционални ханафиски практики како „kafir“ (неверници). Пет години подоцна, видеата се сè уште онлајн.

На површината, содржините на Мемиши едноставно поттикнуваат посветеност на исламот, барајќи образование и живеејќи скромно, додека пак видеата со изречно екстремистички содржини беа ретки. На пример, најгледаното видео на страницата на Јутјуб поврзана со него - со повеќе од 11 милиони прегледи - беше песната за заштита и прифаќање на и сираци како дело од муслиманската „umma“. Сепак, по подетално испитување, неговата содржина служи за пропаганда која дефинира поделби на групи кои припаѓаат  и не припаѓаат во една заедница, гради наратив  во насока на екстремистички ислам кој е од критично значење за неговите напори за регрутирање. Како резултат, неговата содржина тешко може да се означи изречно како „екстремистичка“ и според тоа потешко може да се отстрани. Ова може да објасни зошто е сè уште јавно достапна и покрај неговата осуда за терористичко регрутирање. Сепак, и покрај умерениот карактер, оваа платформа треба да биде отстранета од социјалните медиуми, бидејќи е поврзана со екстремистички клерик кој издржува затворска казна поради регрутирање на поединци да се приклучат на групи поврзани со ИСИС и Ал Каеда.




**Слика 18** Приказ на страницата на Фејсбук поврзана со Мемиши




**Слика 19** Приказ на каналот на Јутјуб поврзан со Мемиши

Ова истражување идентификуваше наводно други радикални имами со забележително присуство на социјалните медиуми. Бекир Халими е имам за кој што се сомнева дека има врски со селафи џихадистички терористички организации. Обучен во Јордан, тој е раководител на хуманитарната организација наречена „Bamiresija“, која беше под истрага за перење на пари и финансирање на тероризам. Според дипломатските комуникации на САД добиени преку Викиликс, организацијата на Халими добива средства од две блискоисточни НВО: саудиската „al-Waqf al-Islamiya“ и кувајтската обнова на друштвото за исламско наследство. Втората организација има канцеларии во Авганистан и Пакистан кои беа на листата на комитетот за санкции на ООН бр. 1267 во 2002 година поради нивната поврзаност со Ал Каеда.[47] Халими е исто така поврзан со други селафи џихадистички проповедници од Балканот. Гај ван Влиерден, новинар специјализиран за тероризам и екстремизам, извести дека Халими учествувал во најмалку два исламски семинари во Белгија организирани од „Islamsko Romani Dawetsko Organizacija“, муслиманска ромска организација, заедно со Билал Босниќ кој е осуден од страна на властите на Босна за регрутирање на терористички борци за ИСИС (Слика 20).[48]




**Слика 20** Постер од настан во Белгија на кој присуствувале Халими и Босниќ во 2013 година

Присуството на Халими на социјалните медиуми драстично се намали во изминатите две години. На пример, сметката на Твитер поврзана со него беше активна од 2013 година барем до јули 2019 година, кога имаше повеќе од 22.100 поставени коментари. Сметката не е активна во есента 2021 година, но содржините се достапни преку интернет архивите.[49] Разгледувајќи ги рачно неговите поставени коментари, МСГ утврди дека најголем дел се религиозни и политички, но не содржат изречна омраза или повици на насилство.

На Фејсбук има затворена група поврзана со Халими со повеќе од 11.700 членови чиј администратор поставува коментари во просек двапати дневно. МСГ не можеше да добие пристап до таа затворена група, но податоците од Фејсбук потврдуваат дека групата е активна. На Јутјуб, МСГ не најде сметка која би можела да се поврзе со Халими, но сепак, истражувачите утврдија два канали – „audionur“ и „Audionur Shkurt“[50] – на кои се прикажуваат проповеди од Халими и други етнички албански имами. Сличното име и аватар укажуваат на тоа дека сметките се сопственост на истото лице. Каналите имаат 19.700, односно 71.100 претплатници и повеќе од 8,3 милиони, односно 59,7 милиони прегледи. Првиот канал прикажува најмалку 630 видеа од Халами, додека вториот нуди најмалку 500, а сите тие се поставени во текот на изминатите девет години. Истражувачите на МСГ спроведоа краток преглед на бројот на видеа каде што се нагласува Халими како дискутира разни политички теми во рамките на своите проповеди. На пример, едно видео беше насочено кон лидерот на албанската политика партија Демократска унија за интеграција, каде се критикуваат за коруптивни практики и антимуслимански активности. Во друго видео, тој ги класифицира нападите во Куманово во 2015 година како наместени.[51] Видеата некои ги сметаат за контроверзни, но сепак не го преминуваат прагот за екстремистички содржини на омраза според дефинициите на МСГ во деловите за методологија. Напротив, дел од проповедите и цитатите на Халими ги споделуваат многу умерени гласови. На пример, неколку проповеди предводени од Халими се споделени од страна на Адем Рамадани, проминентен албански пеач со повеќе од 680.000 следбеници на Фејсбук.[52] Сложениот случај на Беким Халими е особено проблематичен поради неговата способност да влијае на следбениците во однос на социјални политички прашања. И покрај тоа што не е отворено екстремист во своите ограничени јавни коментари, екстремистичкото потекло на Бекир Халими, неговата мрежа и активност доведуваат до тоа неговото онлајн присуство да претставува ризик за ранливите заедници, бидејќи материјалот може да биде портал кон по екстремистички материјали. Приватноста поврзана со дел од неговите сметки на социјалните медиуми претставува исто така знак за загриженост дека содржините поставени на тие профили би можеле да бидат по екстремистички.

Уште еден имам со забележително присуство на социјалните медиуми е Садула (Sadullah) Бајрами. Роден во Куманово и образуван во Египет, постои сомневање дека има врски со исламските екстремисти. Во извештајот изготвен од страна на Тимот за аналитичка поддршка и следење на санкциите врз основа на резолуцијата на советот на безбедност на ООН бр. 2368 (2017 година) се наведува дека Бајрами има силни врски со Ал Каеда.[53] Освен тоа, Бајрами е поврзан со исламската организација „Thirrja Islame“ (Гласот на исламот), која што е особено активна во пошироката околина на Скопје. Нивната работа вклучува информирање на младите кое има за цел да ги образува средношколците за вистинскиот начин за молитва и да ги поттикне да не слават Нова година.[54] Во јуни 2020 година, Бајрами регистрираше религиозна група наречена „Bashkesia e Ehli Sunetit dhe Xhematit“, со седиште во Куманово, која работи независно од исламската верска заедница.[55] Садула Бајрами има активно и обемно онлајн присуство на повеќе канали на социјални медиуми (Слика 21). На Фејсбук постои јавна страница која што е поврзана со Бајрами и која има повеќе од 60.100 допаѓања со нови содржини објавувани секој ден, вклучувајќи видеа, слики и статуси.[56] Соодветниот канал на Јутјуб имаше повеќе од 2.800 претплатници и 174 видеа во есента 2021 година.[57] Со примерок составен од случаен избор на коментари поставени на двете сметки на социјалните медиуми, МСГ не можеше да утврди содржини поврзани со терористички организации, односно содржини кои изречно повикуваат на насилство, но сепак откри поставени коментари кои прикажуваат конзервативни толкувања на исламот. Содржините на Бајрами беа видливи и на други страни на Фејсбук исто така. На пример, раководителите на социјалните медиуми на „Thirrja Islame“ (на Фејсбук, Јутјуб, Телеграм, Твитер и Инстаграм) редовно поставуваат содржини поврзани со имамот.[58] Бајрами отиде чекор понатаму од имамите спомнати погоре и започна со дигитално емитување на религиозни содржини на канал на албански јазик во врска со исламот 24 часови на ден 7 дена во неделата.[59] Бајрами наметнува посебен сет на предизвици поради неговите обиди да ги легитимира своите активности под капата на верските групи признаени од државата, како и поради неговите да го прошири своето присуство на онлајн медиумите на иновативен начин и со наизглед умерени содржини.




**Слика 21** Приказ на онлајн дигиталниот канал на Садула

## Групи кои поставуваат содржини поврзани со ИСИС

МСГ идентификуваше изречни содржини поврзани со ИСИС на Фејсбук и на Телеграм. Екстремистичките содржини на Фејсбук најчесто беа поставувани преку јавни профили, поради што автоматизираното собирање беше тешко поради регулативите за приватност на платформата.[60] Сепак, бидејќи беа споделени материјали на албански јазик со регионални и глобални импликации и кои се достапни на луѓето што зборуваат албански јазик во Северна Македонија, овие материјали беа релевантни за оваа студија.

По прелистување низ профили на Фејсбук МСГ идентификуваше две екстремистички групи на албански јазик. Една од овие групи беше „Bejtul Muhaxhirin“ (Куќа на мигранти/бегалци), која што МСГ ја има претходно сретнато во мрежата Фуоарис на ИСИС на Фејсбук.[61] Иако групата има своја страница на Фејсбук[62] со 597 допаѓања, дел од брендираните содржини беа споделени преку различни приватни сметки. На пример, МСГ најде сметка поставена само за јавно да објавува видео материјали означени со “Bejtul Muhaxhirin“ со врски со ИСИС, вклучувајќи и документарен филм наречен Почетокот и крајот (Слика 22). Друг профил, кој што беше многу повеќе јавно активен, споделува статуси, фотографии, видеа и дури и документи поставени на Гулг Драјв (Слика 23).




**Слика 22** Приказ од страница на Фејсбук каде што се споделува документарецот на „Bejtul Muhaxhirin“ Почетокот и крајот.




**Слика 23** Приказ од страница на Фејсбук каде што се споделува пишаниот манифест на „Bejtul Muhaxhirin“ на Гугл драјв.

Групата има исто така значително присуство на други платформи, особено на Телеграм (слики 24 до 26). Просторијата за разговор на „Bejtul Muhaxhirin“ на Телеграм беше споделена екстензивно коментари поставени на Фејсбук во врска со групата. МСГ пристапи на јавниот канал на Телеграм со 861 претплатници во есента 2021 година. Голем дел од пораките беа проследени до каналот од друг приватен канал затворен за јавноста.




**Слика 24** Приказ од групата „B. Muhaxhirin“ на Телеграм со слика која вели: „Медиумите се половина џихад.“




**Слика 25** Приказ од групата „B. Muhaxhirin“ на Телеграм каде се укажува дека постои паралелен приватен канал „B. Muhaxhirin“.




**Fotografia 26** Приказ од групата „B. Muhaxhirin“ на Телеграм со медиуми насочени кон лицемерите кои свртеле грб на шеријатот. Црното знаме горе и симбол кој го користи „B. Muhaxhirin“.

Освен тоа, МСГ откри дека Фејсбук страницата на „Bejtul Muhaxhirin“ споделува линк до канал на ТамТам, руска платформа за пораки, до кои што истражувачите немаа пристап, бидејќи или бил отстранет или биле приватен. На крајот, МСГ најде цела архивска страна на „Bejtul Muhaxhirin“ со 46 поставени работи: 32 документи, 13 видеа и 1 аудио фајл (Слика 27). Материјалот на албански јазик вклучуваше биографии, текстови и проповеди од познати салафи џихадисти, како што се Анвар ал-Авлаки, Насир ал-Фахд, Ахмад Муса Џибрил, Фарис ал-Захрани и Турк ал-Бинали. Ал-Алваки и ал-Бинали беа убиени во воздушни напади од дрон, додека пак ал-Фахд во моментов е во Саудиски затвор, бидејќи поддржувал напади во САД.




**Слика 27** Приказ со екстремистички содржини на „Bejtul Muhaxhirin“.

МСГ идентификуваше други селафи џихадистички содржини на Фејсбук и на Телеграм. На Телеграм, истражувачите најдоа уште еден канал поврзан со ИСИС на албански јазик каде се споделуваа нашиди (муслимански химни) заедно со фотографии и видео материјали со 320 претплатници (слики 28 до 30). Каналот содржи значителни материјали на ИСИС, дел од кои се проследени од друг канал на Телеграм со наслов „Margaritarë të urtësisë“, каде што се чуваат слични содржини поврзани со ИСИС за 418 претплатници. Интересно е да се забележи дека каналот на Телеграм содржи видео со Садула Бајрами каде што тој е дискредитиран како имам кој што не е вистински посветен на верата. Ова може да укажува дека во албанската селафи џихадистичка заедница постојат внатрешни несогласувања.




**Слика 28** Приказ од Нашиди им групата на Телеграм каде што има видео со знамето на ИСИС и текст кој вели: „Кога ве нарекуваат терорист, тоа е доказ дека вашата вера опстојува.“




**Слика 29** Приказ на Нашиди им групата на Телеграм со содржина каде се дискредитира Садула Бајрами како имам кој што не е вистински посветен на верата.




**Слика 30** Приказ од групата „Margaritarë të urtësisë“ на Телеграм каде се споделуваат коментари од Нашиди.

На Фејсбук, МСГ идентификуваше повеќе од десетина лични сметки на албански јазик со содржини кои укажуваат на поддршка на и/или поврзаност со селафи џихадистичката заедница. Надвор од опсегот на овој документ е мапирањето на мрежата на овие сметки, но сепак, на слики 31 до 33 се прикажани примери на видот на профили кои се поврзани со дел од поединците и групите наведени погоре.




**Слика 31** Приказ од сметка на Фејсбук со слики од ИСИС вклучувајќи и лого на Нашиди им на поставените слики.




**Слика 32** Приказ од сметка на Фејсбук со слика од Мемиши и други затворени албански имами, каде се вели: „Не можете да излечите рак со затворање на лекарите“




**Слика 33** Приказ од сметка на Фејсбук со слики од ИСИС вклучувајќи и коментари со ознаки на „Thirrja Islame“.

# Христијанско братство

Иако, најголем дел од верски инспирираните екстремистички содржини кои МСГ ги најде онлајн беа поврзани со селафи џихадистички групи, важно е да се забележи присуството на групата Христијанско братство на социјалните медиуми. Иако се идентификува себеси како неполитичка, хуманитарна, патриотска и верска организација, сепак  во основа е  етно-националистичка група која се повикува на Христијанско православниот идентитет како еден од клучните идентификатори на индивидуи „вклучени во групата“. Јавното присуство на групата на социјалните медиуми е ограничено на Фејсбук и на Јутјуб.

Групата често поставува закани и наведува барања преку своите онлајн канали. На пример, МСГ најде злонамерно видео во живо, поставено од Жарко Гроздановски, водачот на Христијанското братство, каде што тој му се заканува на премиерот на Северна Македонија со насилство доколку правосилно обвини член на групата (Слика 34). Видеото беше поставено на 29 март 2019 година, но сè уште е достапно на Фејсбук и во изминатите две години доби повеќе од 101.000 прегледи. Водачот објаснува во видеото дека наводно имал две можности „да го фати“ премиерот, но не тоа не го направил, бидејќи се заколнал дека нема да земе оружје против Македонци.




**Слика 34** Приказ од Фејсбук видео каде Жарко Гроздановски, водачот на Христијанско братство, објавува закана против премиерот.

Другите содржини на платформата на групата вклучуваат кампања на Жарко Гроздановски за парламентарните избори во 2020 година како член на Христијанско братство, учество во антивладини протести, хуманитарни иницијативи, состаноци на Христијанско братство, одговори на политички прашања и настани и така натаму. На сметките исто така имаше многу содржини околу славењето на христијанските празници и светци со што се одбележува христијанскиот идентитет на групата, иако најголем дел од нивните политички коментари не беа директно поврзани со религијата. Во текот на истражувањето, МСГ не идентификуваше содржини поставени на овие сметки кои изречно користат христијанска догма за поттикнување на омраза и повик на насилство. Иако оваа група е главно националистичка, нејзината политичка агенда и користењето на верата за создавање на групи на припадност е проблематична и донекаде слична на тактиката на екстремистичките салафи-џихадистички имами спомнати погоре, на мешање на религијата и политиката.




**Слика 35** Приказ на екранот од видео на Фејсбук од политички митинг на Христијанско братство како подготовка за парламентарните избори во 2020 година.




**Слика 36** Приказ на екранот од видео на Фејсбук од протест за поддршка на „бранителите на уставот“ кои беа затворени заради влегување во собранието.

Христијанското братство ги означи двете најголеми македонски партии и нивните раководства како предавници за тоа што не ги бранеле интересите и загрозениот идентитет на македонскиот народ. Оттука, тие поттикнуваа мобилизација и беа дел од антивладините протести, последно во мај 2021 година (Слика 35). Тие бараат правда за обвинетите „бранители на уставот" кои насилно влегоа во собранието во 2017 година (Слика 36). Нивниот водач емитуваше во живо преку Фејсбук во текот на протестот за да ги искаже нивните гледишта и барања. Поддршката на обвинетите лица од насилниот влез во собранието во 2017 година е проблематична и посредно поттикнува насилни дела, сè додека се сметаат за легитимни за остварување на политички цели. Оваа група има сличен начин на однесување како крајно десничарските групи во САД кои ги поддржуваа луѓето кои влегоа во Капитол на 6 јануари 2021 година. Слични наративи беа користени и во двата случаи, односно „патриотите" ја „бранат демократијата" и „ја враќаат својата држава".

Освен испраќање на политички пораки, сметките поврзани со Христијанското братство исто така ја рекламираат и хуманитарната работа на групата (слики 37 и 38). Поврзаните сметки поставуваат или повици за секој што сака да му помогне на конкретно лице кое има потреба или споделуваат дел од тековните хуманитарни активности на групата. Хуманитарните кампањи се користат од страна на Христијанското братство и другите крајно десничарски групи за спротивставување на сите тврдења против нив дека се насилна организација и за зајакнување на нивниот кредибилитет.




**Слика 37** Приказ на екран од коментар на Фејсбук со слики од хуманитарна активност на Христијанско братство.




**Слика 38** Приказ на екран од коментар ја Фејсбук со слика од состанок на Христијанско братство.

Членовите на Христијанското братство имаат засилени теории на заговор во однос на Ковид-19. Една година откако почна пандемијата, водачот сè уште коментира вирусот „постои само во вашите глави" (Слика 39). Освен тоа, други профили поврзани со Христијанско братство поттикнуваат луѓе да посетуваат цркви за време на засилените владини ограничувања во однос на собири за верски празници (Слика 40).




**Слика 39** Приказ на екран од коментар на Фејсбук од член на Христијанско братство, кој вели: „Вируси имало и ќе има. КОВИД-19 го има! Но само во вашите глави.“ – М-р Гроздановски Жарко“




**Слика 40** Приказ на екран од коментар на Фејсбук од член на Христијанско братство кој вели: „Сите во црква браќа и сестри“, во однос на непочитувањето а владините ограничувања поврзани со КОВИД-19 за време на велигденските прослави во 2020 година.

# ЗАКЛУЧОК

Во оваа студија беа разгледани три поткатегории на поларизирачки, полни со омраза и екстремистички материјали насочени кон политичка поларизација, етничка омраза и верски инспириран екстремизам. Беа разгледани содржини на македонски јазик и на албански јазик за да се добие целосна претстава за онлајн екстремистичките наративи поврзани со Северна Македонија.

МСГ идентификуваше повеќе од 20.000 екстремистички коментари кои можат да се класифицираат како политичка и/или етничка омраза. Истражувањето го нагласи постоењето на длабоко поделена дигитална заедница во Македонија. Најголем дел од содржините со омраза беа насочени кон две групи на луѓе „Северџани“ и „Шарените“, кои се сметаат за предавници поради нивната улога во поддржување на Преспанскиот договор и уривањето на претходната власт, за која се смета дека има посилен став за заштитата на „Македонската држава“. Последиците кои произлегуваат од ваквата поларизација доведуваат во формирање на гранични крајно десничарски националистички движења, кои поттикнуваат дополнителна омраза и недоверба во Македонија и би можеле на крај на доведат до поголемо насилство.

Во однос на верски инспирираниот екстремизам, МСГ идентификуваше податоци кои не можеа да се соберат автоматски. Гледајќи ги селафи џихадистичките содржини поврзани со терористички организации, истражувачите утврдија дека радикалните имами поврзани со ИСИС и со Ал Каеда се активни на платформите на социјалните медиуми и поставуваат содржини кои на површината изгледаат умерено. МСГ исто така идентификуваше поотворени екстремистички групи кои оперираат на Фејсбук и Телеграм и поставуваат содржини поврзани со ИСИС и повикуваат на насилство. Освен селафи џихадистичките содржини, МСГ исто така ги процени содржините поврзани со македонско христијанска етно националистичка група. Иако оваа група не користи христијански текстови да повика на насилство, сепак ги заматуваат границите помеѓу политиката и верата.

Наодите и препораките на истражувањето предводено од МСГ доаѓаат во важен момент за Северна Македонија по резултатите од локалните избори во октомври 2021 година.[63] Наодите од овој извештај можат да бидат корисни за безбедносниот сектор при следењето на екстремистичките содржини онлајн и истовремено да ги поддржат институциите чија цел е зајакнување на социјалната кохезија, да се насочат кон ранливите сегменти на интернет. Освен тоа, наодите од истражувањето нудат појдовна основа во Северна Македонија за истражувања кои се обидуваат да ги разберат онлајн екстремистичките содржини и содржините со омраза.

# ФУСНОТИ

[1] Misha Popovikj, BIRN Skopje (2021), Education Holds Key to Bridging North Macedonia's Ethnic Divide, 10 Септември, *https://balkaninsight.com/2021/09/10/education-holds-key-to-bridging-north-macedonias-ethnic-divide/*

[2] Слични регионални препораки за ова прашање се дадени во: *https://resolvenet.org/system/files/2020-07/RSVE_PolicyNote_WB_ComerfordDukic_July2020.pdf*

[3] Под комунистичкиот водач Енвер Хоџа, Албанија беше декларирана како „прва атеистичка држава" додека пак Југославија водеше политика на „државен атеизам".

[4] Nieves Zúñiga, Transparency International (2020), Examining State Capture: Undue Influence on Law-Making and the Judiciary in the Western Balkans and Turkey, *https://www.transparency.org/en/publications/examining-state-capture*

[5] Alliance to Counter Crime Online, The Crime and Terror Threat on Social Media, *https://www.counteringcrime.org/crime-and-terror-threat-on-social-media-fact-sheet*

[6] The World Bank (2020), North Macedonia Overview, *https://data.worldbank.org/indicator/IT.NET.USER.ZS?locations=MK*

[7] Milo Comeford, Simeon Dukic, Resolve Network (2020), Online Extremism Challenges and Opportunities in the Western Balkans, *https://www.resolvenet.org/system/files/2020-07/RSVE_PolicyNote_WB_ComerfordDukic_July2020.pdf*

[8] Податоците беа собирани од 26 март 2020 година до 24 јуни 2020 година.

[9] Овој извештај собра и испита податоци од 89 јавно достапни групи и страници. Податоците беа собирани од 30 јануари 2019 година до 6 февруари 2020 година.

[10] Во овој извештај беа собрани и испитани податоци од 13 канали со стотици видеа. Податоците беа собирани од 8 јануари 2019 година до 9 јануари 2020 година.

[11] Во овој извештај беа собрани и испитани податоци од пет форуми. Податоците собрани од 12 јули 2002 година до 1 декември 2019 година, но сепак податоците кои беа користени се од 1 јануари 2019 година.

[12] Во овој извештај се собрани и испитани податоци од 74 национални медиуми.

[13] Filip Stojanovski, Media Factchecking Service (2014), Hate Speech is Considered a Crime in the Republic of Macedonia, 6 март, *http://factchecking.mk/hate-speech-is-considered-a-crime-in-the-republic-of-macedonia/*

[14] Qëndresa Sulejmani, Analytica MK Policy report, Politicization in the Macedonian Public Administration, *https://core.ac.uk/download/pdf/33449346.pdf*

[15] Semra Musai, BIRN Macedonia (2016), Macedonia Braces For a Dirty Election Campaign, 22 ноември, *https://balkaninsight.com/2016/11/22/macedonia-braces-for-a-dirty-election-campaign-11-21-2016/*

[16] RFE/RL Balkan Service (2019), North Macedonia's New President Calls For 'Reconciliation' During Inauguration Ceremony, 12 мај, *https://www.rferl.org/a/north-macedonia-s-new-president-calls-for-reconciliation-during-inauguration-ceremony/29936082.html*

[17] Maarten Lemstra, Clingendael (2020), The Destructive Effects of State Policy Brief Capture in the Western Balkans EU Enlargement Undermined, септември, *https://www.clingendael.org/sites/default/files/2020-09/Policy_brief_Undermining_EU_enlargement_Western_Balkans_September_2020.pdf*

[18] Sibel Amet, Helsinki Committee for Human Rights of the Republic of Macedonia (2018), The Rights of Refugees, Migrants and Asylum Seekers in the Republic of Macedonia, *https://mhc.org.mk/wp-content/uploads/2019/05/Help-On-Route-ANG-2018-final.pdf*

[19] Fedja Grulovic, Kole Casule, Reuters (2019), North Macedonia Hosts its First Gay Pride March, 29 јуни, *https://www.reuters.com/article/us-gay-pride-north-macedonia-idUSKCN1TU0JJ*

[20] Ivan Damjanovski, IDSCS/Konrad Adenhauer Shtiftung (2021), Analysis of Public Opinion on North Macedonia's Accession to the European Union (2014–2020), *https://idscs.org.mk/wp-content/uploads/2021/02/A5_Analysis-of-public-opinion-on-North-Macedonias-accession-tothe-European-Union-2014-2020ENG.pdf*

[21] 360 Степени (2020), Апасиев повикан во обвинителството, отворен предмет за неговите фејсбук-статуси, 17 јули, *https://360stepeni.mk/apasiev-povikan-vo-obvinitelstvoto-otvoren-predmet-za-negovite-fejsbuk-statusi/*

[22] Кратенките во табелата се однесуваат на: ВМРО – Внатрешна македонска револуционерна организација; ВМРО-ДПМНЕ – Внатрешна Македонска револуционерна организација – Демократска партија за македонско национално единство; ДУИ – Демократска унија за интеграција; СДС (СДСМ) – Социјалдемократски сојуз (Социјалдемократски сојуз на Македонија)

[23] Sinisa Jakov Marusic, BalkanInsight (2011), Macedonia–Greece Name Dispute: What's in a Name, 30 јуни, *https://balkaninsight.com/2011/06/30/background-what-s-in-a-name/*

[24] Hellenic Republic, Ministry of Foreign Affairs (2021), The Issue of the Name of North Macedonia, 2 ноември, *https://www.mfa.gr/en/the-question-of-the-name-of-the-republic-of-north/*

[25] Republic of North Macedonia, Ministry of Foreign Affairs (2020), Name Issue, 23 ноември, *https://www.mfa.gov.mk/en/page/1504/name-issue*

[26] BBC News (2018), Macedonia and Greece: Deal after 27-year Row Over a Name, 12 јуни, *https://www.bbc.co.uk/news/world-europe-44401643*

[27] Фросина Димевска, RFE/RL (2019), Терминот 'северџан' за дополнителни поделби, 13 јуни, *https://www.slobodnaevropa.mk/a/%D1%82%D0%B5%D1%80%D0%BC%D0%B8%D0%BD%D0%BE%D1%82-%D1%81%D0%B5%D0%B2%D0%B5%D1%80%D1%9F%D0%B0%D0%BD-%D0%B7%D0%B0-%D0%B4%D0%BE%D0%BF%D0%BE%D0%BB%D0%BD%D0%B8%D1%82%D0%B5%D0%BB%D0%BD%D0%B8-%D0%BF%D0%BE%D0%B4%D0%B5%D0%BB%D0%B1%D0%B8-/29984755.html*

[28] Joanna Berendt, New York Times (2015), Macedonia Government Is Blamed for Wiretapping Scandal, *https://www.nytimes.com/2015/06/22/world/europe/macedonia-government-is-blamed-for-wiretapping-scandal.html*

[29] Зоран Арбутина, DW (2017), Кој се плаши од Сорос?, 13 јуни, *https://www.dw.com/mk/%D0%BA%D0%BE%D1%98-%D1%81%D0%B5-%D0%BF%D0%BB%D0%B0%D1%88%D0%B8-%D0%BE%D0%B4-%D1%81%D0%BE%D1%80%D0%BE%D1%81/a-39067284*

[30] Minorities at risk (2010), Chronology for Albanians in Macedonia, 16 јули, *http://www.mar.umd.edu/chronology.asp?groupId=34301*

[31] Bill Hayton, BBC News (2002), Macedonia's Year of Peace, 3 август, *http://news.bbc.co.uk/1/hi/world/europe/2191418.stm*

[32] Strasko Stojanovski, University of Stip E-prints, Говорот на омраза на интернет и социјалните мрежи, *https://eprints.ugd.edu.mk/18475/1/Govor%20na%20omraza%203.pdf*

[33] Katerina Blazevska, DW (2020), Софија бара реакција против 'групата за плукање', 27 ноември, *https://www.dw.com/mk/%D1%81%D0%BE%D1%84%D0%B8%D1%98%D0%B0-%D0%B1%D0%B0%D1%80%D0%B0-%D1%80%D0%B5%D0%B0%D0%BA%D1%86%D0%B8%D1%98%D0%B0-%D0%BF%D1%80%D0%BE%D1%82%D0%B8%D0%B2-%D0%B3%D1%80%D1%83%D0%BF%D0%B0%D1%82%D0%B0-%D0%B7%D0%B0-%D0%BF%D0%BB%D1%83%D0%BA%D0%B0%D1%9A%D0%B5/a-55744254*

[34] Колку пати фразата „Враќаме земјата" била употребена е прикажан во Табела 2. #Федерализација беше идентификуван во нашата политичка група и претставен на Слика 2.

[35] Sveto Toevski, Respublika (2019), Двојазичноста вообличува две 'зони на лингвистичката територијалност' во Македонија, 15 мај, *https://respublica.edu.mk/mk/blog/2019-05-15-07-49-03*

[36] Goran Sekulovski, Eurostudia – Revue Transatlantique De Recherche Sur L'Europe (2019), Between the Cross and the Crescent: Marking One's Territory and Intercultural Coexistence in Orthodox–Muslim Relations in Macedonia, 17 септември, *https://core.ac.uk/download/188203316.pdf*

[37] За време на овој период под комунистички режим, во најголем дел се спроведуваа секуларни политики за унапредување на секуларизмот.

[38] Otmar Oehring, Konrad Adenauer Stiftung (2021), Is the Dispute between the Macedonian Orthodox Church and the Serbian Orthodox Church a Burden on North Macedonia?, февруари, *https://www.kas.de/documents/252038/11055681/Dispute+between+the+Macedonian+Orthodox+Church+and+the+Serbian+Orthodox+Church.pdf/9ccbfe9c-be06-d5e2-8525-2e368392cc56?version=1.0&t=1612446156571*

[39] Nenad Taneski, Ferdinand Odjakov, E-prints, Militant Islamism, Domestic Terrorism and Macedonian National Security, *https://eprints.ugd.edu.mk/22005/1/article%20%20Nenad%20Taneski%2C%20Ferdinand%20Od%C5%BEakov%20final.pdf*

[40] Atanas Panovski, Calhoun: The NPS Institutional Archive (2011), The Spread of Islamic Extremism in the Republic of Macedonia, декември, *https://calhoun.nps.edu/bitstream/handle/10945/10666/11Dec%255FPanovski.pdf?sequence=1&isAllowed=y*; M.V., Akademik (2014), ИВЗ бара помош за контрола на џамии, МВР вели не е надлежна – треба построги закони, согласни се двете страни, 21 август, *https://akademik.mk/ivz-bara-pomosh-za-kontrola-na-dhamii-mvr-veli-ne-e-nadlezhna-treba-postrogi-zakoni-soglasni-se-dvete-strani-4/*

[41] Vlado Azinović, Edina Bećirević, Regional Cooperation Council (2017), A Waiting Game: Assessing and Responding to the Threat from Returning Foreign Fighters in the Western Balkans, *https://www.rcc.int/pubs/54/a-waiting-game-assessing-and-responding-to-the-threat-from-returning-foreign-fighters-in-the-western-balkans*

[42] RFE/RL (2016), US Treasury Sanctions Four Leaders of Al-Nusra Front in Syria, 11 ноември, *https://www.rferl.org/a/us-treasury-sanctions-four-nusra-front-leaders-in-syria/28109478.html*

[43] Српски дневен весник „Политика"(2018), Албански снајперисти међу џихадистима у Сирији, 24 септември, *http://www.politika.rs/scc/clanak/411745/Albanski-snajperisti-medu-dzihadistima-u-Siriji#!*

[44] Sitel Television (2016), Седум години затвор за оџата од Тутунсуз џамијата, останатите добија по пет години за регрутирање борци за ИСИЛ, 25 март, *https://sitel.com.mk/sedum-godini-zatvor-za-odzhata-od-tutunsuz-dzhamijata-ostanatite-dobija-po-pet-godini-za*

[45] Kaltrina Selimi, Filip Stojkovski, Analyticamk, Assessment of Macedonia's Efforts in Countering Violent Extremism, View from Civil Society, *https://www.analyticamk.org/images/Files/extremism-en-updated-FINAL-web_ceb98.pdf*

[46] Congressional Bills 111th Congress (2010), US Government Publishing Office, A Bill to Authorize Assistance to Promote Counter-Extremism Efforts in the Balkan Region, and for Other Purposes, 2 март, *https://www.govinfo.gov/content/pkg/BILLS-111hr4728ih/html/BILLS-111hr4728ih.htm*

[47] Видете *https://www.wikileaks.org/plusd/cables/07SKOPJE695_a.html*

[48] Guy Van Vlierden, Emmejihad (2013), Romani Gypsies Recruiting for Jihad, 11 декември, *https://emmejihad.wordpress.com/2013/12/11/romani-gypsies-recruiting-for-jihad/*

[49] Видете *https://web.archive.org/web/20191025211058if_/https://twitter.com/bekirhalimii* (страницата е последно отворена на 3 јуни 2021 година)

[50] „Shkurt" се преведува како „кратко" на македонски од албански.

[51] Видеата може да се најдат тука: *https://www.youtube.com/watch?v=VZGce1HREsM&t=130s* и *https://www.youtube.com/watch?v=0Ztd060UdZg* (страницата е последно отворена на 14 јуни 2021 година).
Примери на поставени коментари вклучуваат:

[52] Примери на поставени коментари вклучуваат: *https://www.facebook.com/AdemRamadanifaqjazyrtare/posts/321004992925733*, *https://www.facebook.com/AdemRamadanifaqjazyrtare/posts/352869153072650*, и *https://www.facebook.com/AdemRamadanifaqjazyrtare/posts/311577237201842* and *https://www.facebook.com/permalink.php?story_fbid=4324779890884828&id=169973239698868* (страниците се последно отворени на 2 јули 2021 година).

[53] Совет на безбедност на обединетите нации (2020), писмо од 16 јули 2020 година од Претседавачот на комитетот на советот за безбедност врз основа на резолуциите 1267 (1999), 1989 (2011) и 2253 (2015) во врска со Исламската држава во Ирак и Левантот (Da'esh), Алкаеда и поврзаните лица, групи, потфати и субјекти, упатено до претседавачот на советот за безбедност, 23 јули, *https://www.securitycouncilreport.org/atf/cf/%7B65BFCF9B-6D27-4E9C-8CD3-CF6E4FF96FF9%7D/s_2020_717.pdf*

[54] Kaltrina Selimi, Filip Stojkovski, Analyticamk (2016), Assessment of Macedonia's Efforts in Countering Violent Extremism, View from Civil Society, *https://www.analyticamk.org/images/Files/extremism-en-updated-FINAL-web_ceb98.pdf*

[55] Комисија за односи со верски заедници и групи, *https://www.kovz.gov.mk/pocetna/pregled.nspx*

[56] Видете *https://www.facebook.com/SadullahBajramiZyrtare/?ref=page_internal*

[57] Видете *https://www.youtube.com/results?search_query=sadullah+bajrami*

[58] Поставени содржини во врска со Садула Бајрами можат лесно да се најдат на медиумите на „Thirrja Islame" тука*https://www.thirrjaislame.com/*

[59] Каналот може да се најде тука: *https://albmuslim.tv/index*

[60] Постојат две важни ограничувања како резултат на ова: МСГ мораше да примени рачни истражувачки техники, што само ја загребува површината на мрежата, а геолоцирањето на сметката беше проблематично, така што е тешко да се потврди дали конкретна сметка е контролирана од одреден граѓанин и/или жител на Северна Македонија.

[61] Moustafa Ayad, SCN Briefings (2020), The Propaganda Pipeline: The ISIS Fuouaris Upload Network on Facebook, 13 јули, *https://www.SCNglobal.org/wp-content/uploads/2020/07/The-Propaganda-Pipeline-1.pdf*

[62] Видете *https://www.facebook.com/BejtulMuhaxhirin/*

[63] RFE/RL's Балкан служба service (2021), Србија, Северна Македонија, Албанија ја промовираат иницијативата „Отворен Балкан", 29 јули, *https://www.rferl.org/a/serbia-macedonia-open-balkans/31384360.html*

STRONG CITIES